Јован КОРУБИН

# ПРОЦЕСИТЕ НА ИНФОРМИРАЊЕТО ВО ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И УЛОГАТА НА СОЦИОЛОГОТ

Вниманието што, во последно време, му се посветува на прашањето за информирањето во здружениот труд најнепосредно се одрази и на интересот на науката за него. Расправата што се отвори за ова прашање до неодамна, меѓутоа, беше главно насочена кон утврдувањето на општите теоретски ставови за значењето на овој вид комуникација. Една од причините што сѐ уште се изостанува во разработката на конкретните проблеми од оваа област лежи, секако, и во недостатокот на пошироки емпириски сознанија за вистинските состојби и процеси што во неа се случуваат, за реалното остварување на утврдениот теориски концепт.

Сѐ посложената општествена стварност го насочува, затоа, интересот на науката сѐ повеќе кон социолошките аспекти на овој вид комуникација, така што тежиштето на расправата веќе се префрлува од општите проблеми, на специфичните прашања кои, барем досега, во голема мерка беа занемарувани. Всушност, се поставува, со сета своја тежина, проблемот на истражувањето на самата информативна практика и за добивањето на такви сознанија кои, потоа, би послужиле за усовршување на целиот систем на информирањето во здружениот труд. Таквите сознанија се, можни само во непосредниот допир со таа практика и со нејзиното секојдневно и континуирано следење. Зашто, како што тоа го истакнува и германскиот социолог Леополд фон Визе, секоја информација е еден социјален процес, т.е. сензација која воспоставува врска меѓу луѓето.[1] Оттука и кон информирањето е неопходен извесен социолошки пристап. Истражувањата, имено, укажуваат на фактот дека информираноста често директно влијае на расположението и на работниот морал, на мотивираноста на ра-

[1] в. Зборник „Aspekti radija“, izd. „Svijetlost“ Sarajevo 1978. стр. 268.

ботникот што и се одразува на продуктивноста во работењето.[2] Сигурно е дека одделни фактори од материјално-економска, организациска, техничко-технолошка и слична природа се значајни за успешното остварување на информирањето во здружениот труд, но од тоа не треба да се извлече заклучокот дека е тоа остварувано во практиката само во оној степен во кој тоа му го овозможувале тие фактори. Во прашање се и разни фактори од субјективна природа па, оттука, и тврдењето дека „при креирањето на информативниот систем на здружениот труд не може да се внесува шематизам" и дека неговото изградување „мора да тргне од согледувањето на целите на системот".[3] А остварувањето на тие цели не е, во условите на самоуправувањето, зависно само од организациските мерки или само од технолошкиот фактор, туку и од мотивираноста на работникот за нивното остварување.

Со право, затоа, се подвлекува дека основната улога на социологот на ова подрачје се огледува во неговото учество во проектирањето и планирањето на системот на информирањето како и во истражувањето на средствата и начините за информирање на работните луѓе и во утврдувањето на нивните комуникациски потреби.[4] Практиката, имено, се повеќе ни покажува дека самиот информатор не е, секогаш, во можност сам да ја остварува оваа задача без соодветни сознанија за тоа каде треба да ја бара информацијата, каква содржина да и даде и како и во кој момент да ја пласира. И тоа е, веројатно, една од причините за неговата сè почеста свртеност кон работоводните структури кои, во една таква ситуација, можат лесно да манипулираат со информациите и да ги утврдуваат информациските потреби на работникот според своето субјективно чувство и мислење.

Особено значајна во тој поглед е и анализата на повратните информации. Таа анализа би требало да помогне во посоодветното утврдување на содржините на самоуправната информација која треба да биде одредена од интересот на самоуправувачот, што не е секогаш случај. Така, на пример, при едно наше истражу-

---

[2] Во едно неодамнешно истражување за информирањето во здружениот труд спроведено од страна на Центарот за идејно-теоретска работа и марксистичко образование при ГК на СКМ Скопје добиени се, на пример, и вакви одговори од страна на испитаниците: „Ако петнаесеттиот ден во месецот, како што е вообичаено, работниците не добијат лични доходи, а причините за тоа уште истиот ден не им се објаснат, утредента продуктивноста ќе биде помала за 30%"; или: „И со неинформираноста се постигнуваат губитоци" итн.

[3] в. Вујовиќ Славко, Полазне основе за конципирање информативног система удруженог рада, сп. „Марксистичка мисао" 1/80, стр. 146.

[4] в. Николић др Живојин, Информисање и радној организацији у привреди и улога социолога, материјал од советувањето „Социолог и привреда", одржано во Ниш 1984 год.

вање на содржината на информациите за самоуправните општи акти во десет листови од здружениот труд во нашата република можевме да утврдиме дека за период од пет години (од 1974 до 1978 год.) тематски воопшто не биле присутни информации за изборот и отповикувањето на органите на управувањето и самоуправувањето, за регулирањето на одговорноста во работењето, за стручното усовршување и оспособување на кадрите, за користењето на фондовите за заедничка потрошувачка и солидарност, за водењето на комерцијалата и книговодството и сл.

Повратната информација е, според тоа, значаен индикатор и за состојбата на самоуправните односи во здружениот труд и таа претставува посебно поле на истражувањата на социологот. Таквите анализи, меѓутоа, не би биле можни ако на прашањето за информирањето му се приоѓа како на прашање на исполнувањето на една формална, нормативна обврска. Сè почесто, затоа, се укажува на тоа дека информирањето во здружениот труд се сфаќа како посебна, споредна дејност, одделена и неутрална во однос на производните и самоуправните процеси. Сè уште тешко допира до свеста директната врска на информирањето и резултатите од вкупното работење, зависноста на самоуправните односи од информативните процеси, врската меѓу информативниот чинител и продуктивноста на трудот.

Би ја прифатиле, затоа, како точна констатацијата дека овие две полиња, информирањето и самоуправувањето, како взаемно поврзани и условени, се суштинска претпоставка на истражувачката работа на социологот и дека се тие еден вид основа од која тој црпи емпириски материјал за проектирање на новините во информирањето, како и за теориски опсервации за улогата на известувањето во производствениот, општествено-политичкиот и културниот и духовниот живот на работникот.[5]

Следејќи ги како процесите на информирањето, така и сите други процеси во здружениот труд, социологот секако дека не може да дејствува како слободен стрелец. Него му е тука неопходна помошта на различните други стручни профили со кои тој би ги планирал и реализирал своите истражувања. Но, и тие истражувања без соодветното нивно комуницирање до работникот би ја изгубиле својата смисла. Зашто, и самите тие треба да бидат предмет на информирањето и само како такви би можеле да станат продуктивна сила на стопанството.

[5] в. Николиќ др Живојин, наведениот материјал, стр. 7.